**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 27-174/1
Датум: 12.01.2026

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25) Општина Центар – Скопје објавува

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на Детален урбанистички план Градска четврт „Дебар Маало 2", Општина Центар – Скопје**

Во согласност член 63 став (10) од цитираниот Закон, Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение бр. 09-2266/1 од 8.4.2025 година, достави Известување со бр. 09-4896/2 од 30.10.2025 година до непосредните соседи од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, вкупно 54 препорачани пратки со доставници.

Во согласност со член 63 став (11) од Законот, 32 доставници се вратија во Општината со доказ за извршен прием, а 22 се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка и врз основа на таквата фактографија ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се баратели на предметната промена на градежните парцели 5.5 и 5.14 од Измена и дополна на Детален урбанистички план Градска четврт „Дебар Маало 2", Општина Центар – Скопје, за намерата на барателите за спојување на двете градежни парцели во една и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација и новата диспозиција на површините за изградба.

Предметниот проектен опфат (градежни парцели 5.5 и 5.14) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Измена и дополна на Детален урбанистички план Градска четврт „Дебар Маало 2", Општина Центар – Скопје, донесен од Советот со Одлука број 07-3727/2 од 28.12.2009 година.

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје, на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, во барака бр. 3 канцеларија бр. 6 на 21.1.2026 година, од 10 до 12 часот и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица можат да доставaт приговори на Проектната програма.**

Огласот за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави на веб страната на Општина Центар - Скопје www.centar.gov.mk и во информацискиот систем е-урбанизам.

**Раководител на Сектор за урбанизам**
**Танкица Христова Спасовска, диа**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk